Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

**ПРОГРАМА**

**за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**

**2025-2026 година**

Скопје, септември 2025 година

Врз основа на член 2 став (2) алинеја 12 од Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество бр.37-388/1 од 14.5.2018 година, бр.38-22/1 од 4.7.2019 година, бр.38-29/7 од 28.10.2019 година, бр.39-38/3 од 22.4.2021 година и бр.39- 41/3 од 3.6.2021 година, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, на седницата одржана на 25.09.2025 година, донесе

**Програма за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество**

**2025-2026 година**

1. Со оваа Програма се утврдуваат резултатите, активностите и тематските прашања кои што Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество (во натамошниот текст: Советот) ќе ги разгледува и ќе развие насоки за подобрување во периодот септември 2025 година до 31 декември 2026 година вклучувајќи и временска рамка и потребни финансиски средства за реализација.

Програмата за работа на Советот се води од надлежностите на Советот согласно член 2 од Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и во тие рамки ги утврдува приоритетите и темите за дадениот период на опфат на Програмата. Воедно, приоритетите и темите го рефлектираат и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество 2025-2028 година.

Во периодот 2025-2026 година, работата на Советот ќе биде насочена кон ефикасно и ефективно влијание на владините и секторските политики поврзани со околината во која се развива граѓанското општество, преку давање мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанското општество, како и преку иницирање, донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на граѓанските организации.

Советот континуирано ќе го следи спроведувањето на Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2025-2028, преку разгледување на периодични извештаи за напредокот на спроведувањето на Стратегијата и давање мислење на годишно ниво за реализација на овој стратешки документ.

Советот исто така ќе ја следи и анализира вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика и со својата работа ќе придонесува за подигање на свеста за промовирање на култура на соработка и партнерство преку изработка и спроведување на ефективни методи за консултирање и информирање на граѓанските организации за работата на Советот и унапредување на соработката со постојните ефективни тематски мрежи на граѓанските организации.

Во однос на финансиската одржливост на граѓанските организации којштo во изминатиот период е еден од главните предизвици за граѓанските организации, клучен фокус на Советот ќе биде унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации вклучително и примената на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите како и унапредување на даночната рамка за граѓанските организации.

Во следниот период во својата работа Советот ќе даде особен фокус на унапредување на комуникацијата со граѓанските организации и институциите, во вклучување и консултации на поширок круг на граѓански организации за прашања во надлежност на Советот и во промовирање

на добри практики на меѓусекторска соработка. Во оваа насока, Програмата за работа се третира како динамичен документ кој по консултации со граѓанските организации и утврдените потреби може да се надградува и дополнува.

**Надлежност на Советот:**

1. **Следење и анализа на јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество**
2. **Предлагање иницијативи за донесување на нови или изменување и дополнување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите**

| Активности | Очекувани резултати | Временска рамка | Буџет |
|---|---|---|---|
| 1.1. Организирање на тематски состаноци поврзани со спроведени анализи на јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество (покрај подолу наведените конкретни закони и политики предвидени за дискусија) | Подобрена информираност, доставени предлози за политики што го унапредуваат граѓанското општество и навремено реагирање на политики што може да имаат негативно влијание врз соработката и развојот на ГО | По потреба (минимум две годишно) | |
| 1.2. Следење на годишни анализи на овозможувачката околина за развој на граѓанското општество (на пример: Годишен извештај од следењето на спроведувањето на Насоките за ЕУ поддршка за развој на ГО или Матрицата за мониторинг на овозможувачката околина за ГО) | | април – јуни 2026 | |
| 2.1. Идентификување на приоритетни прашања во однос на правната и институционална рамка за делување на организациите и поднесување иницијативи за измени на прописи врз основа на анализи и тематски состаноци | Предлог-иницијативи доставени до релевантните институции<br>Вклучување на предлог-иницијативите во годишните програми за работа на Владата и/или релевантните политики или стратегии | По потреба врз основа на заклучоци на седниците на Советот | |

**Надлежност на Советот:**

3. **Давање мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на делувањето на граѓанското општество**

| Активности | Очекувани резултати | Временска рамка | Буџет |
|---|---|---|---|
| 3.1.1. Изготвување на препораки за рамката на измени на Законот за здруженија и фондации<br>3.1.2. Давање мислење на предлог измените и дополнувањата на Законот за здруженија и фондации | Нормативно подобрување на околината во која се развива граѓанското општество;<br><br>Усогласување на јавните политики со потребите на граѓанското општество | септември – октомври 2025<br><br>декември 2025 – јануари 2026 | |
| 3.2.1. Изготвување на препораки за рамката на измени Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните<br>3.2.2. Давање мислење на предлог измените на Законот за референдум и други облици за непосредно изјаснување на граѓаните, со цел воведување можност за собирање потписи со користење на информатички средства | | јуни - септември 2026<br><br>ноември – декември 2026 | |
| 3.3.1. Изготвување на препораки за рамката за донесување на Закон за социјални претпријатија<br>3.3.2. Давање мислење по предлог Законот за социјални претпријатија | | ноември 2025 – јануари 2026<br><br>април – јуни 2026 | |
| 3.4.1. Изготвување на препораки за рамката на измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности<br>3.4.2. Давање мислење по предлог Законот за донации и спонзорства во јавните дејности | | октомври – ноември 2025<br><br>јануари – март 2026 | |
| 3.5.1. Изготвување на препораки за рамката на измени на Законот за волонтерство<br>3.5.2. Давање мислење по предлог измените на Законот за волонтерство | | ноември – декември 2025<br><br>март – мај 2026 | |
| 3.6. Учество на јавни дебати и консултации по релевантни закони и политики | | Во текот на целата година | |

| **Надлежност на Советот:**<br>**4. Подигање на свеста за промовирање на култура на соработка и партнерство** | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Временска рамка** | **Буџет** |
| 4.1. Организирање на најмалку 3 настани за промоција на учество и соработка (дебати, годишен форум, јавни дискусии, постојани комитети за одредени теми итн.) | Подобрена видливост и доверба во Советот<br><br>Подобрена информираност на ГО и на институциите за работата на Советот и потребата од взаемна соработка | Годишен форум-ноември 2026<br>Два настани во првото и третото тромесечје од 2026 | 450.000 ден. |
| 4.2.1. Кампања за информирање на граѓански организации за улогата на Советот<br>4.2.2. Информативни средби со ГО во секој плански регион | Подобрена информираност на ГО и нивно вклучување во работата на Советот | ноември 2025 – февруари 2026 | 300.000 ден. |
| 4.3. Изработка и дистрибуција на информативни материјали | | По потреба во текот на годината | 200.000 ден. |
| 4.4. Презентирање на работата на Советот и важноста од поволна средина за ГО пред пратениците во Собранието на РСМ | Подобрена видливост и доверба во Советот<br><br>Подобрена информираност на Собранието за работата на Советот и потребата од взаемна соработка во унапредување на средината за работа на ГО | февруари 2026 | По потреба патни трошоци |
| Да се дополни согласно стратегијата за комуникации на Советот | | | |

| **Надлежност на Советот:**<br>**5. Учество во подготовка и следење на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество и Акцискиот план за спроведување на Стратегијата**<br>**6.** Давање на годишно мислење на реализацијата на Стратегијата во 2025 | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Временска рамка** | **Буџет** |
| 5.1. Обезбедување поддршка при изготвување на показателите за следење на спроведувањето на Стратегијата и Акцискиот план | Ефективно и отчетно спроведување на Стратегијата со и развој на граѓанското општество | октомври - ноември 2025 | |
| 5.2. Разгледување на 4 квартални извештаи за спроведување на Стратегијата и давање | | Квартално | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| мислење со предлози за подобрување на спроведувањето | | | |
| 6.1. Давање на годишно мислење на реализацијата на Стратегијата во 2025<br>6.2. Последователни активности за постапување по мислењето на Советот (состаноци со институции, информација од релевантните институции и сл.) | | јануари 2026<br><br>февруари – април 2026 | |

| **<u>Надлежност на Советот</u>:**<br>**7. Следење и анализа на вклученоста на организациите во процесот на креирање на јавната политика** | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Временска рамка** | **Буџет** |
| 6.1. Анализа на извештаите од органите на државната управа за вклученоста на организациите во процесот на креирање политики | Зголемено и поквалитетно учество на граѓанските организации во креирањето политики | март – април 2026 | |
| 7.1.1. Поднесување на препораки за унапредување на процесите<br>7.1.2. Поднесување на препораки и мислења за вклучувањето на ГО во носење на конкретни политики по информации доставени од ГО | | март – април 2026<br><br>Тековно, по потреба | |
| 7.2. Учество на јавни настани за вклученоста на граѓанските организации во носењето одлуки | | Минимум еден настан годишно | |
| 7.3. Усвојување и креирање на модел за учество на граѓанското општество во процесот на пристапни преговори со Европската Унија | | Јуни 2026 | |

| Надлежност на Советот: |
|---|
| **8. Давање предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите од Буџетот на Република Северна Македонија, врз основа на елаборирана секторска анализа на надлежните органи на државната управа.**<br>**9. Разгледување на годишните извештаи на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите и давање препораки** |

| Активности | Очекувани резултати | Временска рамка | Буџет |
|---|---|---|---|
| 8.1. Анализа на приоритетни области и давање предлози за буџетско планирање | Потранспарентно, поотчетно и поефективно користење на јавни средства за ГО | | |
| 8.2. Давање мислење и препораки за воспоставување на гарантен фонд за финансиска поддршка на граѓански организации | | јануари – мај 2026 | |
| 8.3.1. Давање мислење за досегашната примена на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите и процесите што се применуваат во пракса.<br>8.3. Иницирање на трансформирањето на Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите во хоризонтален правно обврзувачки акт и давање препораки за ревидирање на одредбите за планирање на средствата | | септември – октомври 2025<br><br>јануари – јуни 2026 | |
| 9.1 Разгледување на годишните извештаи за финансирани програми | | февруари 2026 | |
| 9.1.1 Поднесување препораки за унапредување на финансирањето<br>9.1.2. Последователни активности за следење на постапувањето по препораките | | февруари – март 2026<br><br>април – јуни 2026 | |

| Надлежност на Советот: |
|---|
| **10. Постапување по предлози и иницијативи од граѓанските организации по прашања поврзани со овозможувачка средина за организациите** |

| Активности | Очекувани резултати | Временска рамка | Буџет |
|---|---|---|---|
| 10.1. Отворање канал за директна комуникација (е-пошта, формулар) за прибирање на иницијативи од граѓанските организации | Поголема отвореност и вклученост на ГО во работата на Советот | декември 2025 | |
| 10.2. Разгледување на доставени иницијативи и предлози од ГО | | По потреба | |
| 10.3. Формулирање на ставови и препораки за релевантните институции | | По потреба | |

| **<u>Надлежност на Советот</u>:**<br>**11. Номинации на претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела** | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Временска рамка** | **Буџет** |
| 11.1. Следење на постапките за објавување на јавни повици за номинирање на претставници и навремено споделување на повиците со ГО | Транспарентно и објективно номинирање на претставницни на ГО го советодавни и работни тела<br>Зголемено влијание на ГО во креирање политики | Континуирано | |
| 11.2. Објективна селекција | | | |
| 11.3. Транспарентна објава на номинациите | | | |

| **<u>Надлежност на Советот</u>:**<br>**12. Усвојување на Годишен извештај за работата на Советот со соработка меѓу Владата и граѓанското општество и достава до Владата и јавноста за информирање** | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Временска рамка** | **Буџет** |
| 12.1 Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работата на Советот | Усвоен Годишен извештај за работата на Советот | февруари 2026 | / |
| 12.2. Годишен состанок со владини претставници на повисоко ниво за постигнувањата на Советот | Информирање на Владата за важноста на Советот и унапредување на соработката<br>Идентификување на теми за дијалог и унапредување за следната година | март 2026 | / |
| 12.3. Споделување на извештајот и информирање | Зголемена отчетноста и транспарентност на работата | март – април 2026 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| на граѓанските организации и јавноста за постигнувањата на Советот | на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество<br>Идентификување на теми за дијалог и унапредување за следната година | Континуирано информирање за работата на Советот | |

| **13. Континуирано работење на независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество** | | | |
|---|---|---|---|
| **Активности** | **Очекувани резултати** | **Временска рамка** | **Буџет** |
| 13.1. Изготвување и усвојување на Комуникациска стратегија на Советот 2025-2028 | Ефективни методи за консултирање и информирање на граѓанските организации и на институциите за работата на Советот | ноември-декември 2025 | Поддршка од ЕУ Проект за техничка поддршка за подобрување на овозможувачката средина за граѓанските организации во РСМ |
| 13.2. Изготвување и усвојување на План за комуникација на Советот | | ноември – декември 2025 | |
| 13.3. Организирање на редовни средби со граѓанските организации и прибирање на предлози од ГО | | Квартално ниво | 150.000 ден. |
| 13.4. Изготвување на годишни извештаи од информирањето и вклучувањето на граѓанските организации (обврска на претставниците на граѓанските организации) | | декември 2025<br>декември 2026 | |
| 13.5. Изготвување на информација за информирањето на институциите (обврска на претставниците на институциите) | | | |
| 13.6. Организирање на интерни работилници и обуки за јакнење на капацитетите на членовите на Советот | Оперативен и ефективен Совет | | 500.000 ден. (евентуална поддршка од ЕУ проект за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | техничка поддршка) |

2. Оваа Програма влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Бр. 33 -
25.9.2025 година
Скопје

Претседателка на Советот за соработка
меѓу Владата и граѓанското општество
Никица Кусиникова